Групата на класи на намени - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, застапена е преку основната класа на намена Д1 – парковско зеленило која се јавува како компатибилна намена на основната намена А1 (уредени дворни места) и на дел од просторот кој е јавна површина, а постојното спортско игралиште – како основна класа на наменма Д3.

Групата на класи на намени – Инфраструктура, застапена е преку основната класа на намена Е1 – сообракајници,
Учеството на основните групи на класи на намени во планскиот опфат изнесува :

Намена	Површина	%
1. ДОМУВАЊЕ	132.938,22 m2	(84,38%)
2. ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ	5.977,92 m2	(3,79%)
3. ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	2.006,21 m2	(1,27%)
4. ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	2.745,50 m2	(1.74%)
5. ИНФРАСТРУКТУРА – СООБРАЌАЈНИЦИ	13.877,51 m2	(8,81%)
ПЛАНСКИ ОПФАТ ВКУПНО	**157.545,36 m²**	**(100 %)**

При спроведување на Општиот акт во дефинираните наменски зони дадена е можност согласно на чл. 32 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), да се планираат компатибилни намени односно две или повеке класи на намени кои можат да егзистираат во иста наменска зона, блок или градежна парцела, без притоа меѓусебно да го нарушуваат функционирањето, егзистирањето и вредноста на земјиштето и градбите и да не го надминуваат максимално дозволениот процент на учество даден во Прилог 1 кој е составен дел на Правилникот.

Компатибилните намени ке се дефинираат при изработка на Основни проекти за објектите односно Архитектонско урбанистички проекти при разработка на катастарски парцели со кои се оформува градежна парцела со што би се створиле услови за максимална флексибилност за изградба и користење на просторот.

Во смисла на задоволување на потребите на населението во село Елшани спомнати во добиеното Известување од Општина Охрид–Сектор за образование, детска, здравствена и социјална заштита – одделение за образование бр.28-664/2 од 29.01.2019 г. за обезбедување на локација за изградба на здравствена станица – амбуланта, имајки во предвид дека земјиштето во планскиот опфат на Општиот акт за село Елшани е во приватна сопственост, сметаме дека истата може да се обезбеди како компатибилна намена во рамките на оформена градежна парцела со основна класа на намена А1 – семејно домување.

7. Општи услови за градба, развој и користење на земјиштето во рамки на наменските зони;

Со Општиот Акт за село Елшани, К.О. Елшани, Општина Охрид во границите на планскиот опфат се дефинираат основните начела и норми кои при самата реализација на планската документација ке створат услови за похуман живот, престој и работа на населението, како и рамномерен и одржлив просторен развој на населеното место, со рационално и одржливо користење на просторот и целокупна заштита и унапредување на животната средина.

Со Општите услови за изградба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко – урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите од Општиот Акт за село Елшани. Условите за изградба ке се применуваат на целиот плански опфат, чии граници и мери се дадени во текстуалниот и графички дел во М 1:2.500 со вкупна површина на планскиот опфат од 15.75 ха. Сите вградени норми и прописи, како и сите употребени термини, нивното значење и презентирање во урбанистичката документација (текстуалниот и графички дел) се поистоветуваат со описите и употребата на истите дадена со чл.5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18). Истите ке бидат презентирани како Општи услови за градба, развој користење на земјиштето за сите наменски зони :

7.1 Постојните катастарски парцели се идните градежни парцели и претставуваат

ограничен дел од градежното земјиште со ист носител на право на градење согласно со чл. 16 и чл. 17 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18)

Кога градежната парцела се состои од две или повеќе катастарски парцели или кога во рамките на една катастарска парцела се формираат две или повеке градежни парцели или кога на една катастарска парцела се предвидуваат две или повеќе градби потребно е да се изработи Архитектонско – урбанистички проект согласно чл. 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, 199/14, 44/15,193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18). Основниот принцип за оформување на градежна парцела е да градежното земјиште се наоѓа непосредно до земјиште за општа употреба така да до парцелата може непречено да се пристапува и таа да може самостојно и независно да се гради, употребува и одржува.
Во таа смисла при оформувањето на идната градежна парцела треба таа да се поклопува со просторот кој го зазема и го користи сопственикот на катастарската парцела, со можност за незначително зголемување и намалување на градежната парцела заради обезбедување на простор за оформување на идна сообраќајница, но имајки во предвид дека треба да бидат исполнети условите од чл.20 и чл.21 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

7.2 Сите постојни катастарски парцели кои имаат површина до 300 м2 се идни можни градежни парцели во кои е можна изградба на објекти со основна класа на намена домување во станбени куки – А1 со учество на компатибилни класи на намена до 30 % согласно на чл. 28 и Прилог 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

7.3 Сите постојни катастарски парцели кои имаат површина поголема од 300 м2 се идни можни градежни парцели во кои е можна изградба на објекти со основна класа на намена домување во станбени куки – А1 со организирање на селскостопански двор. Во истите се планира апроксимативна максимална површина за градење, односно се дава можност да се изградат повеке објекти во една ГП, согласно на чл.37 и чл.40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Во нив покрај основниот станбен објект можат да се градат и други помошни градби во функција на селскостопански двор (штали, складишта, гаражи и др.)

7.4 Во случаи каде што постојните катастарски парцели се идните градежни парцели, површината за градење ке се реализира со изработка на ситуационото решение во Основниот проект каде ке бидат презентирани сите урбанистички елементи и параметри кои ги дефинираат условите за градба, користење и развој на просторот и објектите во идната ГП.

Во случаи каде градежните парцели се формираат со Архитектонско урбанистички проект, согласно чл. 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), површината за градење и сите урбанистички елементи и параметри кои ги дефинираат условите за градба, користење и развој на просторот и објектите во идната ГП ке бидат дефинирани со неговата изработка.

Градежната линија т.е. површината за градење нетреба да биде поставена на помало растојание од 3,0 м. од границата на постојната сообраќајница, согласно на чл. 83 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на

РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

7.5 При спроведување на Општиот акт во дефинираните наменски зони дадена е можност согласно на чл. 32 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). да се планираат компатибилни намени односно две или повеке класи на намени кои можат да егзистираат во иста наменска зона, блок или градежна парцела, без притоа меѓусебно да го нарушуваат функционирањето, егзистирањето и вредноста на земјиштето и градбите и да не го надминуваат максимално дозволениот процент на учество даден во Прилог 1 кој е составен дел на Правилникот.

Компатибилните намени ке се дефинираат при изработка на Основни проекти за објектите односно Архитектонско урбанистички проекти при разработка на катастарски парцели со кои се оформува градежна парцела со што би се створиле услови за максимална флексибилност за изградба и користење на просторот.

7.6 Површината за градење е планска одредба и нејзиното дефинирање во парцелата, нејзиното растојание од границите на парцелата зависат од типот на градење и намената на градежната парцела, што е дефинирано во чл.40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

7.7 Максималната височина на градбата е планска одредба со која се регулира планирањето на истата во согласност со членовите 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Во сите наменски зони максималната висина на градбите ке се утврдува со изработка на Основен проект, односно со изработка на АУП со кој се оформува градежна парцела согласно чл. 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16). Правото да се гради до дозволената максимална висина е исполнето со другите урбанистички услови дадени со овој Општ акт за село, а пред се : обезбедување на потребен број на паркинг места, потребното растојание до границата на соседната парцела и др.

Доколку со проектната документација не се докаже дека се исполнети условите за постигнување на максималната висина на градбата дефинирана со овој план, управниот орган надлежен за работите на урбанизмот ја одредува дозволената висина изразена во должни метри, а според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

7.8 Процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето е зависен од постојната состојба и истиот ке се одреди за секоја парцела поодделно на ниво на наменска зона. Истиот е дефиниран во граници на дозволените вредности во членовите: 49 до 53 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

7.9 При спроведување на Општиот акт за парцелите кои гравитираат кон постојните канали / водотеци да се обезбеди позитивно мислење од надлежна институција во однос на заштитниот појас.

7.10 Зеленило – Зеленилото е составен дел на идните ГП во наменската зона А - домување, поточно А1 – домување во станбени куки. Тоа се јавува како ниско зеленило,

тревната површина или цветна алеа, така во идните ГП минимален процент на озеленетост треба да изнесува 30 %.

Во сите останати наменски зони, зеленилото е составен дел на идните ГП. Истото се јавува како ниска зелено - тревната површина или цветна алеа и е планиран минимален процент на озеленетост кој треба да изнесува 30 % од површината на ГП.

7.11 Сообраќајно поврзување, паркирање и гаражирање – Потребите за сообраќајно поврзување на КП (идни ГП), паркирање и гаражирање нив ќе ги решава корисникот на ГП во рамките на сопствената парцела.

Еден од основните услови за формирање на идна ГП од постојните катастарски парцели е да таа има непосреден пристап од постојните сообраќајни површини (постојни улици) до идната ГП или ако инвеститорот сам си обезбеди колски пристап до новата ГП преку новоформирана сообраќајна површина.

Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и ако инвеститорот неможе сам да го обезбеди, неможе да се утврдат услови за градба.

Паркирањето и гаражирањето ке ги решава корисникот на ГП во рамките на сопствената парцела, со почитување на условот да обезбеди потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба, а во согласност со чл. 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Истото ке се дефинира со изработка на Основен проект.

7.12. Изградбата на сите објекти и инсталации од комуналната инфраструктура, како и целокупното уредување на предметниот плански опфат, треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, прописите од областа на урбанизмот, архитектурата и градежништвото, а во согласност на овој ОПШТ АКТ за село Елшани, Општина Охрид односно Општите услови што се негов составен дел.

7.13. За обезбедување на нормални услови за живеење во село Елшани, нарочно во наменската зона А – домување, која зафаќа најголем дел од просторот во планскиот опфат, потребно е да се доизгради уличната мрежа со пристап до секоја идна ГП, како и да се доизгради останатата комунална инфраструктура (водовод, канализација, електрика и ТК), а за што е потребно да се изработи соодветна техничка документација односно Проекти за линиска инфраструктура,

7.14. Во поглед на заштита на животната средина потребно е да се спроведува континуирана грижа за нејзина заштита во согласност со Законот за животна средина (Сл. весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12 и 93/13) и други подзаконски акти. Целта на овие мерки за планскиот опфат се состои во следното :

- Зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- Обезбедување на заштита од загадување на воздухот, водата и почвата
- управување со отпад.
- Заштита од бука:
- Развој на локалниот јавен транспорт и сообраќајот на подрачјето на селото и поширокота околина:
- Применувајки го Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање од аспект на процент на изграденост, коефициент на искористеност и планирана површина за градба се створени услови за оптимална инсолација и аерација, а со тоа се створени услови за здрав и хуман живот.

7.15 Доследно спроведување на националната законска регулатива во поглед на

прифаќање, дистрибуирање, пречистување и испуштање на отпадните води во реципиентот. Ова посебно треба да се нагласи за фекалните отпадни води во зоната за домување во станбени куќи – А1, со организиран селско – стопански двор од каде се очекуваат отпадни води со присуство на осока и шталско ѓубре;

7.16. За планскиот опфат на село Елшани е планирано приклучување на колекторскиот систем за заштита на Охридското езеро но до негова реализација треба да се планира изградба на монтажна пречистителна станица, при што водата што ќе се испушта треба да биде лабораториски испитана, односно да има квалитет еднаков на квалитетот на водата во крајниот реципиент – Охридското езеро.

7.17 Доследно исполнување на националната законска регулатива во поглед на управувањето со различен отпад кој се создава према Стратегија на ЕУ за почви и Директива за загадување на почвите. Да се изработи План за управување на отпадот со кој ќе се организира собирање на отпадот во контејнери и негов контролиран транспортен систем до постојните депонии, се до реализирање на регионалната депонија планирана со Националниот план за управување со цврст отпад.

7.18 Во рамките на планскиот опфат ако се регистрира и евидентира природно наследство и се дојде до такви сознанија потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство согласно на Законот за заштита на природата (Сл. весник на Р.М. бр. 67/04, 14/06, 84/07 и 35/10);

7.19 Во планскиот опфат, ако се регистрираат недвижни споменици на културата, а во случај при изведување на земјани работи се наиде на археолошки артефакти или други материјални докази од културно – историска вредност да се пристапи во согласност на чл. 71 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11 и 23/13) и Правилникот за содржина и методологија за изработка на заштитно конзерваторски основи за културно наследство Сл. весник на Р.М. бр. 111/05)

7.20 Да се предвидат и имплементираат задолжителни мерки за заштита од економски одржлив степен на сеизмичка заштита при изградба на објектите согласно на постојната законска регулатива.

7.21 При реализација на Општиот акт во целост да се почитуваат одредбите од текстуалниот дел на општиот акт кои се однесуваат на целокупната инфраструктурна мрежа (далеководи, сообраќајници и канали / водотеци кои се во рамките на опфатот).

7.22 При спроведување на Општиот акт во чиј плански опфат има води, како добра од општ интерес во сопственост на Република Македонија, да се почитува нивната посебна заштита на начин и под услови одредени од Законот за води (Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 42/12, 23/13 и 163/13). Согласно Законот за води, во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определуваат Советот на Општината и Советот на Градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општините и на Градот Скопје, по предходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. Реализација на Општиот акт во крајбрежниот појас од 50 м. е условена со реализација на наведените обврски од Законот за водите.

7.23 Доколку во опфатот на Општиот акт поминува траса на далековод, при спроведување да се почитува заштитниот појас на далеководот, а за парцелите кои се наоѓаат во рамките на истиот, задолжително да се обезбеди позитивно мислење од надлежно претпријатие кое стопанисува со истиот.

8. Просторна организација и услови за градење во селски стопански двор;

Со Општиот акт за село Елшани најголемиот дел од површините се планирани со група на класи на намени за домување – А (83,94 %), поточно основна класа на намени домување во станбени куќи – А1, Истото ке се реализира во две форми и тоа како домување во станбени куќи А1 во постојните КП – идни ГП до 300 м2 со учество на компатибилни класи на намени до 30 % и домување во станбени куќи А1 во постојни КП – идни ГП над 300 м2 со можност за организирање на селско – стопански двор и учество на компатибилни класи на намени до 30 %. Планирањето на останатите основни класи на намени од домувањето да се реализира према потребите и во согласност на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Организирањето на селско – стопански дворови во состав на градежните парцели со класа на намена А1 – домување во станбени куќи е во согласност на Правилникот за формата и содржината на Општиот акт (Сл. весник на РМ бр, 229 /2018 г. како и Прирачникот за начинот на водење на постапката за донесување и изготвување на Општ Акт за село кое нема урбанистички план донен од Министерството за транспорт и врски бр. 24-395/1 од 11.01.2019 г. и чл.14 од Одлуката за утврдување на услови за начинот на градење во село Елшани која е составен дел на Општиот акт.

Така во состав на ГП покрај објектот за домување можат да се планираат за градење помошни градби – објекти кои се во функција на селско – стопански двор (штали, складишта, гаражи, настрешници за механизација и сл.). Планирањето на селско – стопански двор во состав на ГП со основна намена за домување во станбени куќи – А1 и учество на компатибилни класи на намени до 30 % е условено со исполнување на следните услови :

1. Постојната катастарска парцела – идната ГП да има директен пристап до постојните сообраќајници во зоната за домување.

2. Постојната катастарска парцела – идна ГП да има поголема површина од 300 м2, со што е створен условот за нормално организирање на објект за домување и помошни градби во функција на стопански двор.

3. Во постојната катастарска парцела – идна ГП, планираната максимална површина за градба да биде максимално до 70% од површината на ГП, од која 51% од неа ке биде за градба за домување, а остатокот од 49% од површината за градба да биде за помошните градби во функција на селско-стопански двор.

4. Во постојната катастарска парцела – идна ГП, планираната максимална висина до хоризонтален венец да биде :
   - за градба за домување до 10.20 м што одговара на П+2+Пк.
   - за помошните градби во функција на селско-стопански двор до 6,2 м.

5. Планирањето и распоредот на функционалните содржини во состав на максималната површина за градење во ГП, со организиран селско – стопански двор да се заснова на следните плански одредби – препораки и тоа :

   5.1 Диспозицијата на површината за градење, односно градежната линија во предниот дел на ГП, да биде поставена на минимално растојание од 3,0 м. према лицето на ГП, према постојна сообраќајница;

   5.2 Во предниот дел на ГП да се планираат содржините – градбите наменети за домување, а во задниот дел на ГП да се организираат содржините – помошните

градби кои се во функција на селско – стопански двор.

5.3 За останатите елементи за дефинирање на диспозицијата на површините за градење важат условите дадени со чл. 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

9. Опис на основните влезни и излезни постојни правци во селото и неговата сообраќајна поврзаност со поширокото окружување

Со општиот акт за село Елшани е дефиниран постоечкиот влезен и излезен правец во селото и неговата сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување,

Селото Елшани има само еден влезено излезен правец преку кој тоа се поврзува со поширокото опкружување. Тоа е локалниот пат кој се издвојува од Регионалниот пат (Р 1301) Охрид – "Св. Наум" кај локалитетот "Елешец" и влегува во селото од западната страна

Низ планскиот опфат на село Елшани не поминува регионален пат.

При спроведување на Општиот акт, да се почитуваат во целост одредбите од Законот за јавни патишта (Сл.Весник на РМ, бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16).

10. Сообраќајни услови за пристап до градбите и начин на решавање на стационарниот сообраќај.

Еден од основните услови за формирање на идна ГП од постојните катастарски парцели е да таа има непосреден пристап од постојните сообраќајни површини (постојни улици) до идната ГП или ако инвеститорот сам си обезбеди колски пристап **до новата ГП** преку новоформирана сообраќајна површина.

Дефинирањето на идната улична мрежа во просторот на наменските зони ке се реализира со Проекти за инфраструктура, што е во склад со член 52 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а во согласност на планските одредби искажани во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Што се однесува до стационарниот сообраќај во планскиот опфат на Општиот акт за село Елшани ќе се решава на следниот начин :

- Во наменските зони: Домување – А, јавни институции – В, Производство, дистрибуција, сервиси – Г и Зеленило и рекреација – Д, истиот ке се решава во склоп на сопствената ГП, а во согласност на планските одредби искажани во чл. 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Истото ке се решава и одредува со изработка на ситуационо решение во Основниот проект за градење на идните градби.

- Во наменските зони, каде има слободни постојни сообраќајни површини и има услови за организирање на јавен паркинг покрај сообраќајниот профил на идната сообраќајница, а се во согласност на планските одредби искажани во чл. 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник

на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

11. Начин на реализација на инфраструктурните водови и градби

Во планскиот опфат дефиниран со овој Општ акт за село Елшани во К.О. Елшани, Општина Охрид, постојат веке изградени површини, наменски групирани во зони и низ нив постојат сообраќајници (улици) кои овозможуваат нивно функционално поврзување. Низ истите постојат изградени комунални инфраструктурни мрежи како што се : водовод, електрика, телекомуникациски инсталации и др. Тие се основа за развој и надградба на целокупната инфраструктурна мрежа во селото, која ке овозможи приклучување на градбите од идните ГП во следните наменски зони : Домување – А, јавни институции – В, Производство индустрија и сервиси - Г, Зеленило и рекреација – Д.

12. Добиени препораки, насоки и обврски кои треба да се почитуваат во примената на Општиот акт во изработката на проектна документација

Препораки и задолжувања од НУ “Завод и музеј“ Охрид во Одговор бр. 13-70/2 од 30.01.2019 г.)

Бидејки планскиот опфат се наоѓа во просгор заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот ртегион, потребно е да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Службен весник на Република Македонија, бр. 75/10)

Според тоа, уредувањето на овие простори треба да се базира на сеопфатно истражување и анализа и заради подигнување на нивото на разработка на урбанистичката документација и вклопување на третираниот простор во поширокиот амбиент кој кореспондира со пејсажните и структурните вредности на урбаното ткиво на градот Охрид и регионот во целост заедно со националниот парк “Галичица“ и Охридското езеро, препорачуваме :

Во разрабнотка на планската документација и идните урбанистички услови кои треба да произлезат од актот со кој се врши уредување на градежни локации да се земат во предвид покрај основните начела и норми кои создаваат услови за похуман живот:

- Да се направат истражувања и анализи на конфигурацијата на теренот со изработка на вертикални пресеци заради правилно одредување на структурата на градбите, големината на градежните единици и нивната спратност.
- Со предвидените висини и габарити на објектот не смее да се нарушат видиците и панорамата, кон, и од заштитеното подрачје, ниту да се нарушат исклучителните вредности на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион.
- Архитектонското обликување да биде со материјали и форми кои ке придонесат за зачувување на изворните, историските, урбанистичко – архитектонски уметнички и естетски вредности на заштитеното подрачје и ќе придонесе за наменско оспособување на објектот кон современите потреби на домување во комбинација со стопанските, туристичките, културните и други дејности.
- Да се почитуваат пејсажните вредности на непосредната околина.
- Да се почитува правото на визури и инсолациска изложеност на планираните градби и во однос на постојниот градежен фонд.
- Да се даде оценка на влијанијата врз културното наследство, односно оценка на визуелните влијанија врз пределот во рамките на природното и културното наследство на Охридскиот регион.
- Во планската документација во општите одредби треба да стои забелешката дека доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно историска

вредност, потребно е да се постапи согласно чл. 65 и чл. 129 од Законот за заштита на културно наследство.

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање заштитен регион, градителска целина или поединечен објект, како заедничко светско културно богатство кое припаѓа на целото човештво, во урбанистичките планови треба да се третираат на начин кој ке обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поширокото подрачје и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Препораки и задолжувања од ДЗС Подрачно одделение – Охрид во Одговорот бр. 09/3 – 18/2 од 25.01.2019 г. – Услови за заштита и спсување, податоци и информации за изработка на Општ акт за село Елшани Општина Охрид

Во комплексот на мерките од превентивен карактер, проектантот задолжително треба да предвиди, а инвеститорот да обезбеди **вградување** на мерките за заштита и спасување, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградбата на објектите (С.В на РМ бр.105/05) како и **учество** на претставник на подрачното одделение за заштита и спасување на ДЗС на РМ-Охрид во **комисиите за технички прегледи** на објектите во постапката за издавање на Употребна дозвола за истите.

При изработка на планското решение Општ акт за село Елшани, општина Охрид, треба да се предвидат и имплементираат следните мерки за заштита и спасување и тоа:

1. Мерката за заштита и спасувае од **пожари,експлозии и опасни материи**, во која ке се земат во предвид потребното **минимално растојание помеѓу објектите** кои ке се предвидат за изградба од аспект на префрлање на пожарот од еден на друг објект или од објект на околната и нискостеблеста и високостеблеста вегетација (во зависност од предвидената висина на објектите и пожарното оптоварувања на истите).
Со оглед на тоа дека поголем дел од улиците низ ова село се многу тесни да се предвиди уличен хидрантски систем.
Да се педвиди проширување на улиците (онаму каде тоа е можно) со цел за непречено движење на возилата за ПП заштита, а со оглед на тоа дека поради тесните улици не е можно вртење со возилото за ППЗ на одредени места да се предвидат пунктови-места каде овие возила ке можат да завртат.

2. Мерката **заштита и спасување од поплави** во која при проектирањето ке се опфати покрај заштитата од опасност на **поплавување** на објектот **од дефекти** на водоводната или канализационата мрежа и заштита од опасност од поплавување на **приземните** и евентуално предвидените **подрумски** простории од **подземни** и **поројни води** чие што ниво е **променливо** во зависност од временските услови.
Со оглед на конфигурацијата на теренот на оваа локација, за објектите **постои опасност** и од појава на свлекување на земјиштето **(свлечиште)** кое би можело да биде иницирано од **подземни води** кои би се појавиле од **дефекти** на водоводната мрежа во горниот дел на овој опфат или од постојните **подземни води** чие што ниво е **променливо** во зависност од временските услови **(обилни пројните врнежи и сл**.).

3. Мерката заштита и спасување од **урнатини,** во која во урбанистичкото Решение во текот на планирањето на просторот, урбанизирањето на населбите и изградба на објектите **се утврдува** претпоставениот степен на урнатини, **нивниот однос спрема слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците**.
При проектирањето да се предвиди опасноста од создавање тесни грла на сообраќајниците, **зони на тотални урнатини**.

При проектирањето **на објекти** да се внимава на **растојанијата помеѓу соседните објекти** поради опасноста од рушење на објект со урнатини од соседниот објект како и за **поставеноста на влезовите** од објектите поради опасноста од блокирање со урнатини.
Степенот на заштитата од урнатини во голема мера се зголемува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија (за просторот на Охридската котлина е со интензитет поголем од 8 MCS),изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

4. Да се опфати мерката Заштита и спасување од **техничко-технолошки** нестреќи.

6. Да се опфати мерката Заштита и спасување од **НУС** (неексплодирани убојни средства).

При изготвување-реализација на планското решение како и при изработката на основните проекти за објектите кои ке се предвидат да бидат изградени да се **почитуваат** и **имплементираат** мерките за заштита и спасување, согласно Законот за заштита и спасување (Пречистен текст СВ на РМ бр.93/12 како и СВ на РМ бр.41/14 и 129/15), Правилникот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (СВ на РМ бр. 32/11 и 145/13), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр.67/04, 81/07 и 55/13) и Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградбата на објектите (Сл. Весник на РМ бр.105/05).

В. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

1. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАНАТА СОСТОЈБА

Согласно на изнесеното во предходните поглавја, произлегува дека во планскиот опфат кој е предмет на урбанизирање, со овој Општ акт за село Елшани Општина Охрид, со вкупна површина од 15.75 ха. планирани се следните наменски површини за изградба на градби и користење на просторот во нив со следните групи на намени и останати пропратни комунални и инфраструктурни содржини за функционирање на населеното место Елшани :

Намена	Површина	%
1. ДОМУВАЊЕ	132.938,22 m2	(84,38%)
2. ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ	5.977,92 m2	(3,79%)
3. ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	2.006,21 m2	(1,27%)
4. ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	2.745,50 m2	(1.74%)
5. ИНФРАСТРУКТУРА – СООБРАЌАЈНИЦИ	13.877,51 m2	(8,81%)
ПЛАНСКИ ОПФАТ ВКУПНО	**157.545,36 m²**	**(100 %)**

Планери :

Георги Хаџиев, дипл.инж.арх.
овластување 0.340

Georgi Hadjiev
Digitally signed by Georgi Hadjiev
DN: cn=Georgi Hadjiev gn=Georgi c=MK o=TD Nju Vizen Doo Ohrid e=contact@new-vision.mk
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2019-03-04 11:48+01:00

Агрон Муртиши, дипл. инж.арх

Agron Murtishi
Digitally signed by Agron Murtishi
DN: cn=Agron Murtishi gn=Agron c=MK e=agronmurtishi@gmail.com
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2019-03-04 11:49+01:00

Добиени податоци и информации и мислења :

1. Известување од Министерство за животна средина и просторно планирање бр.11-5054/2 од 27.10.2017 г
2. Мислење од ЈУ Национален парк Галичица, Охрид бр. 03-57 од 06.09.2017 г.
2. Податоци и информации добиени од МЈП “ПРОАКВА“ Р.Е. Водовод – Охрид бр. 09-98/1 од 21.01.2019 г.
3. Потврда за надземни и подземни инсталации на дистрибутивната мрежа и објекти добиена од ЕВН Македонија бр.14-229/2 од 29.01.2019 г.
4. Известување за постојни и планирани ТК инсталации добиено од Македонски телеком АД бр. 07-47378/1 од 18.01.2019 г.
5. Податоци и информации добиени од АЕК со бр. 1404-239/2 од 21.01.2019 г.
6. Податоци и информации добиени од ЈП “НИСКОГРАДБА ОХРИД“ Охрид со бр. 09-52 од 21.01.2019 г.
7. Податоци и информации добиени од Општина Охрид – Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици, Одделение за комунални дејности бр. 15-1481/1 од 28.01.2019 г.
8. Податоци и информации добиени од Општина Охрид – Сектор за образование, детска, здравствена и социјална заштита – одделение за образование бр. 28-664/2 од 29.01.2019 г.
9. Одговор добиен од НУ “Завод и музеј“ Охрид бр. 13-70/2 од 30.01.2019 г.
10. Одговор добиен од Министерство за култура –бр. 17-872/2 од 25.02.2019
11. Одговор добиен од ДЗС Подрачно одделение – Охрид бр. 09/3 – 18/2 од 25.01.2019 г. – Услови за заштита и спсување, податоци и информации за изработка на Општ акт за село Елшани Општина Охрид

ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ЕЛШАНИ
ОПШТИНА ОХРИД

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ЕЛШАНИ
КО ЕЛШАНИ

ОПШТИНА ОХРИД

ЛЕГЕНДА

-ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ СОГЛАСНО УДНМ ЕЛШАНИ (15.12 Ха)

С

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНО МЕСТО

КОНТРАКТОР / ИЗРАБОТУВАЧ: **НЈУ ВИЖЕН** ДОО ОХРИД УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ, НАДЗОР И ИНЖИНЕРИНГ		Ул. Цар Самоил 84, 6000 Охрид contact@new-vision.mk	НАРАЧАТЕЛ: ПРИВАТНИ ЛИЦА ДОНЕСУВАЧ: ОПШТИНА ОХРИД
НАСЛОВ:	**ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ЕЛШАНИ КО ЕЛШАНИ, ОПШТИНА ОХРИД**		ФАЗА: ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
ПРИЛОГ:	**ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ТОПОГРАФСКА КАРТА - ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ -**		РАЗМЕР: 1 : 25´000 ТЕХ. БР. 23 / 17
УПРАВИТЕЛ: Георги Хаџиев *дипл.инж.арх.*	НОСИТЕЛ НА ПЛАНОТ: Георги Хаџиев *дипл.инж.арх.* *овластување бр. 0.340*	СОРАБОТНЦИ : Агрон Муртиши *м-р.инж.арх.*	ДАТУМ: ФЕВРУАРИ 2019 ПРИЛОГ: 1

Signature Properties

Certificate: TANJA TRAJKOSKA-JANCHEVSKA e.dukadinovska@katastar.gov.mk
Signer: goce
Location: GOCE-PC
Purpose: potvrduvanje na podatoci
Date: 2014/10/17 09:36
Scope: File
Prereqs? No
References? No

Trusted? Certificate has expired
Verified? No
Expiry: None

OK

Signature Properties

Certificate: TANJA TRAJKOSKA-JANCHEVSKA e.dukadinovska@katastar.gov.mk
Signer: goce
Location: GOCE-PC
Purpose: potvrduvanje na podatoci
Date: 2014/10/17 09:38
Scope: File
Prereqs? No
References? No

Trusted? Certificate has expired
Verified? Yes
Expiry: None

OK



ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ЕЛШАНИ КО ЕЛШАНИ

ОПШТИНА ОХРИД

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНО МЕСТО

КОНТРАКТОР / ИЗРАБОТУВАЧ:
НЈУ ВИЖЕН ДОО ОХРИД
УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ, НАДЗОР И ИНЖИНЕРИНГ
Ул. Цар Самоил 84, 6000 Охрид
contact@new-vision.mk

НАРАЧАТЕЛ: ПРИВАТНИ ЛИЦА

ДОНЕСУВАЧ: ОПШТИНА ОХРИД

НАСЛОВ:	ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ЕЛШАНИ КО ЕЛШАНИ, ОПШТИНА ОХРИД	ФАЗА: ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА	
ПРИЛОГ:	АРХИВСКИ ОРИГИНАЛ НА ДИГИТАЛИЗИРАНА КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА	РАЗМЕР: 1 : 2'500	ТЕХ. БР. 23 / 17
УПРАВИТЕЛ: Георги Хаџиев, дипл.инж.арх.	НОСИТЕЛ НА ПЛАНОТ: Георги Хаџиев, дипл.инж.арх., овластување бр. 0.340 / СОРАБОТНЦИ: Агрон Муртиши, м-р.инж.арх.	ДАТУМ: ФЕВРУАРИ 2019	ПРИЛОГ: 2



СТРУКТУРА НА ПЛАНИРАНИТЕ ПОВРШИНИ	П=15.12 Ха	100%
I ДОМУВАЊЕ И ЈАВНИ ФУНКЦИИ	П=13.06 Ха	86.4%
ИНДИВИДУАЛНО ДОМУВАЊЕ	12.19	80.6%
ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ,ГРАДИНКА	0.36	2.4%
АМБУЛАНТА	0.06	0.4%
КУЛТУРА	0.05	0.3%
ДУХОВНА КУЛТУРА (ЦРКВА И ГРОБИШТА)	0.34	2.3%
ПЛОШТАД	0.06	0.4%
ЧЕШМА		
II РАБОТНИ ЗОНИ	П=0.55 Ха	3.6%
МАЛО СТОПАНСТВО	0.55	3.6%
III СООБРАЌАЈ	П=1.51 Ха	10.0%
УЛИЦИ(СОБИРНА)	1.02	6.75%
СЕКУНДАРНА УЛИЧНА МРЕЖА	0.47	3.12%
СУВОДОЛИЦА	0.02	0.13%
IV ГРАНИЦИ		
ГРАНИЦА НА ОПФАТ НА НАСЕЛЕНО МЕСТО		
КОРИДОР НА ПЛАНИРАН РЕГИОНАЛЕН ПАТ КОН АЛБАНИЈА		

УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО

ЕЛШАНИ

- ОПШТИНА ОХРИД -

2000 - 2010



ЕЛС
ОПШТИНА ОХРИД

Одлука на Совет на Општина Охрид бр.07-631/7, 3 јули 2001 година

Градоначалник на Општина Охрид д-р НИКОЛА НАУМОВ

Главен архитект на град Охрид д.и.а. СОФИЈА МИЗОВА

НАМЕНА И БИЛАНС НА ПОВРШИНИ

ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА М=1:2500

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ REPUBLIC OF MACEDONIA PUBLIC ENTERPRISE FOR PHYSICAL AND URBAN PLANS		ДИРЕКТОР: Климент Сапов дипл.инж.арх.	
ПОДРУЖНИЦА	ОХРИД	С3030000.dwg	
ПЛАН:	УД ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО ЕЛШАНИ ОПШТИНА ОХРИД	ФАЗА ПЛАН	
